# Република Северна Македонија
# Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 16-4092/1

Дата: 16.07.2025
Кавадарци

Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 8 од Правилникот за начинот , условите и постапката за доделување на Награда „7 Септември“ (Сл.Гласник на Општина Кавадарци бр.26/2003 година , Општина Кавадарци Локална Самоуправа објавува,

**КОНКУРС**

**За доделување на Награда „7 Септември“ на град Кавадарци за 2025 година**

По повод на „7 Септември“ денот на ослободувањето на град Кавадарци Општина Кавадарци - Локална Самоуправа објавува Конкурс за доделување на Награда „7 Септември“.

1. Наградата „7 Септември“ на градот Кавадарци се доделува на физички и правни лица како знак на општествено признание на Градот Кавадарци за остварувања во областа на стопанството , науката, уметноста, културата ,воспитанието и образованието , здравствената зашита, спортот и физичката култура, техничката култура, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други сегменти на животот, трудот и творештвото, што претсавуваат посебен придонес за развојот на градот и за неговиот севкупен напредок и афирмација кај нас и во светот .

2. На ученици и на студенти наградата се доделува на творечки труд или континуирани , успешни постигнувања во наставните и вонnаставните активности што преставуваа посебен придонес за напредокот и афирмацијата на градот Кавадарци.

3. Наградата се доделува за остварувања во изминатиот период од една година (сметано до завршувањето на конкурсот), како и за подолг изминат период кој преставува заокружена творечка или континуирана работна целина .

4.Наградата за физички и правни лица се состои од диплома и плакета.

5. Право на предлагање кандидати за наградата имаат правни и физички лица.

6. Предлогот за наградата треба да биде детално образложен а за кандидатите поедници да содржи и биографија.

7. Кон предлогот за доделување на наградата за печатени дела и други изданија се приложуваат и два (2) примерок од делото.

# Република Северна Македонија
# Општина Кавадарци

[redacted]

Предлагачот е потребно да ги наведе својот полн назив, адреса и телефонски број.
Предлозите и иницијативите да се достават до Комисијата за одбележување на празници и манифестации и доделување на награди и признанија при Совет на Општина Кавадарци ,најдоцна до 18 Август 2025 година .

Формулар за конкурирање за наградата „7 Септември“ на град Кавадарци може да се подигне во Граѓанско информативниот центар во Општина Кавадарци.

Предлозите се поднесуваат во два (2) примероци преку пошта или директно во Архива на Локалната Самоурава Кавадарци соба бр.20.

Информации на телефон:
078-318-608
043/416-130

Изработил:Наташа Манева
Одобрил: Лидија Кузумов

Општина Кавадарци
Градоначалник
д-р Митко Јанчев

Арх.Бр.

Дата: година
Кавадарци

Република Северна
Македонија
Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна
Македонија
Тел. 043/ 416-130 Факс
043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk